**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

УПП бр. 03-93

Скопје 04.04.2014г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

**До: г. Оливер СПАСОВСКИ, генерален секретар на Социјалдемократски сојуз на Македонија**

**Предмет: Одговор на претставка во врска со прилог емитуван на 30.03.2014 година, во вестите од 23:20 часот на ТВ Сител**

Почитувани,

Во врска со вашата претставка број 03-374/1 од 01.04.2014 година, доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 01.04.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-93, ве известуваме за следново:

ТВ Сител во прилогот „Кои се адутите на ВМРО-ДПМНЕ за апсолутно мнозинство во парламентот", емитуван во вестите од 23:20 часот на 30 март 2014 година, како што пишувате и самите, прави анализа на понудените кандидати за пратеници од листите на ВМРО-ДПМНЕ за претстојните Предвремени парламентарни избори. Во прилогот воопшто не се реферира на податоци од испитување на јавното мислење. Се вели дека некои од кандидатите имаат висок рејтинг кај граѓаните, но објаснуваат дека тоа е поради нивниот личен углед пред се како професионалци во својата област. Оттаму, нема основ овој прилог да се третира по член 77 од Изборниот законик. Начинот на кој е направен прилогот (отстапеното време, врамувањето, тонот) ќе биде составен дел на оценката за избалансираноста на овој медиум при покривањето на изборите.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

- Одговорот е доставен и до ТВ Сител